РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-613/2
19-05-2022 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67-та седница, одржана на ден 13.05.2022 година донесе

## Одлука

Пријавата со број 12 - 613/1 од 08.02.2021 година, со наводи против Основен суд Прилеп за постапување по предмет оформен по поднесен обвинителен акт, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што пријавените дејствија не се активности по кои ДКСК има надлежност за постапување, туку се активности за кои надлежност за постапување имаат други надлежни органи и во предметниот случај постапувале судски и обвинителски тела.

Предметната пријава ќе се достави на надлежно постапување на Судски совет на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12 - 613/1 од 08.02.2021 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 08.02.2021 година, поднесена е пријава заведена под број 12 - 613/1 од 08.02.2021 година, по која е оформен предмет со наводи против Основен суд Прилеп за сомневање во постапувањето по предмет ------- оформен во врска со обвинителен акт поднесен против подносителот. Во пријавата се наведува дека за предметниот случај биле поднесени претставки до сите надлежни органи меѓу кои и до Виштото обвинителство во Битола.

При разгледувањето на пријавата, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и констатира дека станува збор за повреда на индивидуално право на подносителот и дека од наводите не произлегува дека е загрозен јавниот интерес од страна на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност. Воедно, во предметниот случај постапувале судски и обвинителски тела и пријавените дејствија не се активности по кои ДКСК има надлежност за постапување, туку се активности за кои надлежност за постапување имаат други надлежни органи.

Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај и предметната пријава ќе ја достави на надлежно постапување на Судскиот Совет на Република Северна Македонија, по што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до : Подносителот
Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: Б.И.